## ХРВАТСКИ ПАРЛАМЕНТ

**712**

Врз основа на член 88 од Уставот на Република Хрватска, донесов

## *ОДЛУКА*

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОИЗВОДСТВО, РЕМОНТ И ПРОМЕТ НА ВООРУЖУВАЊЕ И ВОЕНА ОПРЕМА

Го прогласувам Законот за производство, ремонт и промет на вооружување и воена опрема, што го донесе хрватскиот Парламент на седницата на 19 март 2002 година.

Број: 01-081-02-1299/2
Загреб, 25 март, 2002 г.

Претседател на
Република Хрватска
**Стипе Месиќ**, в.д.

## ЗАКОН
## ЗА ПРОИЗВОДСТВО, РЕМОНТ И ПРОМЕТ НА ВООРУЖУВАЊЕ И ВОЕНА ОПРЕМА

### Глава I.

ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Закон се уредуваат: планирање на производство, развој, ремонт на оружје и воена опрема; критериумите за одредување и употребата на капацитетите за производство и ремонт на оружје и воена опрема; промет на оружје и воена опрема; осигурување и заштита на производството и прометот на оружје и воена опрема; утврдување на усогласеноста со пропишаните барања за вооружување и воена опрема; производство и ремонт на оружје и воена опрема во војна и во случај на непосредно загрозување на независноста и интегритетот на Република Хрватска како и признавање на патентите за изуми за дејности од интерес на одбраната.

### Член 2

Доколку со овој Закон не е поинаку определено, одделни изрази употребени во овој Закон, го имаат следното значење:

1. „Вооружување и воена опрема“ се вооружени, смртоносни и технички средства, како и средствата и системите наменети за опремување, употреба, чување, сместување, одржување и надзор на вооружени, смртоносни и технички средства (во понатамошниот текст: ВВО)
2. „Производство на ВВО“ е дејност која опфаќа дизајнирање на нови средства и системи за ВВО, развој на прототипови, проектирање – конструирање, во мала серија и сериско производство на ВВО, развој на нови технологии во мирнодопски услови, како и подготовка за производство на ВВО во војна и во случај на непосредно загрозување на независноста и интегритетот на Република Хрватска.
3. „Ремонт на ВВО“ се работи кои се вршат врз средствата за ВВО заради одржување и постигнување техничка и функционална исправност на средствата за ВВО.
4. „Ладен погон“ е паричен надоместок кој Република Хрватска го исплаќа на производителот на ВВО за одржување на подготвеноста на капацитетите за

производство на ВВО во време кога истите не се во функција, а се од посебна важност за одбраната на Република Хрватска.

5. „Услуги“ се сите дејности (стручни, занаетчиски и други) кои се даваат во текот на процесот на производство, ремонт и промет на ВВО согласно Законот за јавни набавки.
6. „Капацитети за производство и ремонт на ВВО“ се објектите и производните капацитети посебно важни за одбраната на Република Хрватска и за кои се применуваат посебни правила за постапување и располагање во мир, војна и во случај на непосредно загрозување на независноста и интегритетот на Република Хрватска.
7. „Објекти и производни капацитети посебно важни за одбраната“ се објектите на научноистражувачките институции кои се вклучени во развојот на ВВО, градбите во кои се врши производство, одржување, сместување и чување на ВВО, придружната инфраструктура, производните постројки и други средства кои се во рамките на технолошкиот процес на производство на ВВО.
8. „Осигурување и заштита на производството и прометот на ВВО“ е целосен систем на безбедносни и заштитни мерки, норми и средства со кои се оневозможува уништување или оштетување на капацитетите, загрозување на безбедноста на луѓето и имотот или отуѓување на производството на ВВО, откривање на тајни податоци за производството и прометот на ВВО, и истото условува примена на посебни мерки на заштита при работа при ракување со опасни материи.
9. „Офсет програма“ е програма која ги дефинира обврските на странските добавувачи на ВВО како компензација за договорот за набавка на ВВО за потребите на Министерството за одбрана.
10. „Обезбедување материјални средства“ се сите машини, алати, суровини, репроматеријали, склопови и потсклопови потребни за остварување на производство и ремонт на ВВО во војна и во случај на непосредно загрозување на независноста и интегритетот на Република Хрватска.

**Член 3**

Агенцијата на Владата на Република Хрватска (во понатамошниот текст: Агенција) ги врши сите работи на надзор на производството за потребите на извоз, увоз и извоз на ВВО и води единствена база на податоци за извезеното и увезеното ВВО.

Покрај активностите наведени во став 1 од овој член, Агенцијата ги врши, за потребите на Вооружените сили на Република Хрватска (во понатамошниот текст: Вооружени сили) и Министерството за внатрешни работи, сите активности за продажба на застарени ВВО.

Агенцијата со посебен пропис ја основа Владата на Република Хрватска.

**Член 4**

Владата на Република Хрватска со посебен пропис пропишува што се подразбира под вооружување, а што под воена опрема за потребите на Вооружените сили и на Министерството за внатрешни работи.

**Глава II.**

ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОИЗВОДСТВОТО И РЕМОНТ НА ВООРУЖУВАЊЕТО И ВОЕНАТА ОПРЕМА

**Член 5**

Производството на ВВО за потребите на Вооружените сили се заснова на Долгорочен план за развој на Вооружените сили кој го усвојува Хрватскиот Парламент на предлог на Владата на Република Хрватска.

Производството на ВВО за потребите на извозот се врши врз основа на договор на производителот од член 6 став 1 од овој Закон и купувачот, со претходна согласност од страна на Агенцијата согласно член 3 од овој Закон.

Со исклучок на одредбите во став 2 на овој член, за потребите на извоз на ВВО, договор со производителот може да склучи и Агенцијата.

**Член 6**

ВВО може да произведуваат:

- Правни лица (во понатамошниот текст: производители) кои се регистрирани за производство за посебни намени и се наоѓаат на пописот на одобрени производители на ВВО што го носи Владата на Република Хрватска на предлог на Министерството за одбрана.
- Занаетчии (во понатамошниот текст: производители) кои произведуваат ВВО и се наоѓаат на пописот на одобрени производители на ВВО кој го носи Владата на Република Хрватска на предлог на Министерството за одбрана.
- Производители на производи за ВВО за потребите на Министерството за одбрана врз основа на договор кој го склучуваат со Министерството за одбрана и во согласност со усвоениот Долгорочен план за развој на Вооружените сили, а за потребите на Министерството за внатрешни работи врз основа на овој договор склучен со ова Министерство.

Владата на Република Хрватска со посебен пропис ги одредува условите и критериумите кои мора да бидат исполнети од страна на производителите.

**Член 7**

Компанијата или името на производителот, односно подружниците на производителот не треба да содржат ниту една ознака за дејноста поврзана со производството за посебни намени.

Производителите мора да имаат седиште на територијата на Република Хрватска.

**Член 8**

Носители за развој на ВВО, носители за изработка на прототипови или прототипски делови за ВВО, како и за технолошко усвојување на производството и ремонт на ВВО, се производителите, научноистражувачките институции, како и капацитетите за ремонт на Вооружените сили и Министерството за внатрешни работи.

Министерот за одбрана, во согласност со министерот за внатрешни работи, пропишува посебни услови за вршење дејности за развој на ВВО кои мора бидат исполнети од страна на производителите и научноистражувачките институции од став 1 на овој член.

**Член 9**

Ремонт на ВВО може да вршат производителите, правните лица регистрирани за вршење ремонт на ВВО, врз основа на согласност од страна на Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи, во своите капацитети за ремонт.

## Глава III.

## ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОИЗВОДСТВОТО И РЕМОНТ НА ВООРУЖУВАЊЕТО И ВОЕНАТА ОПРЕМА

### Член 10

Изградба, реконструкција или модернизација, како и употреба на капацитетите за производство и ремонт на ВВО, се врши во согласност со одредбите на Законот и другите закони од обласна на одбраната, просторното планирање, заштита на животната средина, градежништво, како и Законот за експлозивни материи за економска употреба.

### Член 11

Капацитетите за производство и ремонт на ВВО од член 6 став 1 од овој Закон може да се стават во правниот промет (продажба, оптоварување, запленување сл.) за да може над правниот субјект да се поведе стечајна постапка само со согласност на Министерството за одбрана.

### Член 12

Во периодите кога капацитетите за производство и ремонт на ВВО, особено важни за одбраната на Република Хрватска, не се во функција, производителите кои се регистрирани за производство и ремонт на ВВО можат да го остварат правото на паричен надомест за „ладен погон". Производителите го упатуваат специфицираното барање за паричен надомест до Министерството за одбрана најдоцна до 1 септември во тековната година за наредната буџетска година.

Производителите кои се регистрирани за производство и ремонт на ВВО можат да остварат паричен надомест за трошоците за производство ако им се одбие дозволата за извоз на предмети на ВВО за комерцијални цели во согласност со член 17 од овој Закон.

Средствата за т.н. „ладен погон" наведени во став 1 на овој член може да се остварат само за капацитети за производство и ремонт кои се посебно важни за одбраната на Република Хрватска.

Владата на Република Хрватска со посебен пропис ги определува основните критериуми што производителите мора да ги исполнат за да го остварат правото на паричен надомест од ставовите 1 и 2 на овој член.

Врз основа на барањата од ставовите 1 и 2 на овој член, Министерството за одбрана во соработка со Министерството за внатрешни работи и Министерството за економија, ја утврдува оправданоста за секое поединечно барање и оправданите барања ги упатува до Владата на Република Хрватска.

Владата на Република Хрватска на предлог на Министерството за одбрана ќе одлучи за висината и бројот на надоместоци во согласност со средствата обезбедени во Буџетот на Република Хрватска.

Одредбите на овој член важат за научноистражувачките институции кои се важни за развојот на ВВО.

### Член 13

Евиденција на објектите и производните капацитети особено важни за одбраната води Министерството за одбрана.

Евиденцијата од став 1 на овој член претставува воена тајна и се чува согласно прописите кои ги уредуваат тајните податоци на одбраната како и посебните и општи упатства за начинот на чување.

**Член 14**

На странските правни лица со седиште надвор од Република Хрватска може да им се одобри вложување на капитал и остварување на економски интереси во областа на производство на ВВО.

Вложувањето на капитал се врши врз основа на инвестициски програми кои ги одобрува Министерството за економија, со претходно обезбедено мислење на Министерството за одбрана, односно Министерството за внатрешни работи.

Евиденција на странските инвеститори води Министерството за економија.

**Глава IV.**

ПРОМЕТ НА ВООРУЖУВАЊЕТО И ВОЕНАТА ОПРЕМА

**Член 15**

Прометот на ВВО се дејностите за трговија и давање услуги поврзани со ВВО.

Трговските дејности се однесуваат на набавка, продажба, набавка заради продажба.

Дејностите на давање услуги се однесуваат на превоз, сместување, одржување и чување на ВВО.

**Член 16**

Промет на ВВО во земјата може да вршат производителите во согласност со прописите за трговија.

Производителите на минско - експлозивни средства вршат промет со овие средства согласно одредбите на овој Закон и други закони во согласност со меѓународните норми и конвенции.

Производителите се обврзани да водат евиденција за ставање во промет на ВВО и при секое ставање во промет на ВВО треба да достават изводи од евиденцијата до Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи.

**Член 17**

Активностите за увоз и извоз на ВВО за потребите на Вооружените сили и Министерството за внатрешни работи ги врши Агенцијата.

Активностите за увоз и извоз на ВВО за комерцијални цели покрај Агенцијата ги вршат и правните лица регистрирани за увоз и извоз на ВВО,

Дозволите за увоз на предмети за ВВО наменети за потребите на Вооружените сили и Министерството за внатрешни работи ги издава Министерството за одбрана, односно Министерството за внатрешни работи.

Дозволите за увоз и извоз на предмети за ВВО за комерцијални цели ги издава Министерството за економија, со претходна согласност на Комисијата која е составена од

претставници на Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи и Министерството за економија.

Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи и Министерството за економија, поради водење на единствена база на податоци, написмено ја известуваат Агенцијата за дозволите издадени за увоз и извоз на ВВО.

**Член 18**

ВВО се категоризира на форми на увоз и извоз според режимот на дозволи во согласност со Законот за трговија.

Категоризацијата на ВВО според формите на увоз и извоз ја спроведува Владата на Република Хрватска на предлог на Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи и со мислењето на Стопанската комора на Хрватска.

**Член 19**

ВВО може да се стави во промет само ако е утврдена согласност со барањата за ВВО согласно одредбите на овој закон и други закони и меѓународни договори.

**Член 20**

Транспорт на ВВО низ територијата на Република Хрватска може да се врши преку меѓународните гранични премини, освен ако со меѓудржавниот договор не е поинаку определено.

Одобрението за превоз на ВВО низ територијата на Република Хрватска го издава Министерството за внатрешни работи со согласност со Министерството за одбрана.

За превоз на ВВО на соодветен начин треба да се применуваат прописите за транспорт на оружје.

**Член 21**

Договорите за набавка на ВВО за потребите на Министерството за одбрана и за Министерството за внатрешни работи, по правило, се склучуваат со домашниот производител.

Владата на Република Хрватска со посебна регулатива ќе ги дефинира условите, критериумите, начинот и постапките според кои ќе се склучи договорот со домашниот производител.

Договорот за набавка на ВВО со странски добавувач, зависно од вредноста на ВВО што се набавува, може да се склучи во форма на „офсет програма“.

Министерот за одбрана и министерот за економија ќе донесат упатство за начинот и условите за примена на „офсет програмата“ при склучување на договорот за набавка на ВВО со добавувач од странство.

## Глава V.

## ОСИГУРУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПРОИЗВОДСТВОТО И ПРОМЕТОТ НА ВООРУЖУВАЊЕТО И ВОЕНАТА ОПРЕМА

### Член 22

Осигурување, заштита и развој на производството, прометот и ремонтот на ВВО се спроведува во согласност со овој Закон, Законот за одбрана, Законот за заштита на тајноста на податоците, Законот за експлозивни материи за економска употреба и други прописи со кои се уредува заштитата при работа, животната средина и заштита при ракување со опасни материи.

### Член 23

Мерките за осигурување и заштита од член 22 на овој Закон се обврзани да ги спроведуваат производителите, научноистражувачките институции, Вооружените сили и Министерството за внатрешни работи во своите капацитети за ремонт како и останатите учесници во прометот на ВВО.

Општите и посебни мерки кои го сочинуваат комплетен системот на осигурување и заштита од став 1 на овој член ги пропишува министерот за одбрана.

Надзор врз примената на мерките за осигурување и заштита, кои ги спроведуваат субјектите од став 1 на овој член, се врши од страна на надлежните служби на Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи.

### Член 24

Под тајни податоци на одбраната во областа на производство и промет на ВВО се разбираат:

1. Податоци за плановите на производство на ВВО и нивна реализација,
2. Податоци за програмите за истражување и развој на ВВО,
3. Податоци за капацитетите за производство на ВВО,
4. Податоци за технолошкиот процес за производство на ВВО и проектната документација,
5. Податоци за увоз и извоз на ВВО,
6. Податоци за научно-техничка и друга соработка со странски партнери,
7. Податоци за формирање, обновување, користење и просторно распоредување на воените материјални резерви за потребите на производство и ремонт.

### Член 25

Производителите имаат обврска да организираат обезбедување на капацитетите од пристап на неовластени лица со соодветна физичко-техничка заштита во согласност со Законот за заштита на лица и имот.

## Глава VI.

## УТВРДУВАЊЕ НА УСОГЛАСЕНОСТА СО ПРОПИШАНИТЕ УСЛОВИ ЗА ВООРУЖУВАЊЕ И ВОЕНА ОПРЕМА

### Член 26

Утврдување на усогласеноста со пропишаните барања за ВВО во процесот на производство и ремонт, и пред пуштање на ВВО во промет, ќе го спроведува Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи и правните субјекти кои се овластени (акредитирани) од Државниот завод за стандардизација и метрологија.

Во текот на процесот на производство и ремонт за утврдување на усогласеноста со пропишаните барања за ВВО, министерот за одбрана е овластен на производителите да упати и лица кои не се во служба на Министерството за одбрана и Вооружените сили.

Производителите на ВВО се обврзани да ги обезбедат лицата од став 1 и 2 на овој член со условите за утврдување на усогласеноста со пропишаните барања за ВВО.

**Член 27**

Утврдување на усогласеноста со пропишаните барања за ВВО се спроведува врз основа на прописите за квалитет на производите со кои се утврдуваат:

1. Техничките податоци за средствата или системите на ВВО,
2. Содржината на средствата или системите на ВВО,
3. Придружната техничка документација,
4. Условите за квалитет на средствата или системите на ВВО,
5. Методите на испитување и проверка на пропишаните карактеристики за квалитет,
6. Критериумите за утврдување и проценка за квалитет на средствата или системите на ВВО.

Правилникот за утврдување на усогласеноста и квалитетот на производите за ВВО ќе го донесе министерот за одбрана. Правилникот за утврдување на усогласеност и квалитетот на производите за ВВО за потребите на Министерството за внатрешни работи ќе го донесе министерот за внатрешни работи.

**Глава VII.**

ПРОИЗВОДСТВО И РЕМОНТ НА ВООРУЖУВАЊЕТО И ВОЕНАТА ОПРЕМА ВО СЛУЧАЈ НА НЕПОСРЕДНО ЗАГРОЗУВАЊЕ НА НЕЗАВИСНОСТА И ИНТЕГРИТЕТОТ НА РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

**Член 28**

Со производство и ремонт на вооружувањето и воената опрема во случај на непосредно загрозување на независноста и интегритетот на Република Хрватска, освен производителите, може да се занимаваат и други правни лица кои ќе ги одреди Министерството за одбрана на предлог на Министерството за економија.

Правните лица од став 1 на овој член може да ја променат својата дејност исклучиво со согласност од страна на Министерството за одбрана.

**Член 29**

За потребите на производство и ремонт на ВВО во војна и во случај на непосредно загрозување на независноста и интегритетот на Република Хрватска се осигуруваат во согласност со законот за потребни резерви на материјални ресурси.

Средствата за финансирање на резервите на материјални ресурси за потребите на производство и ремонт на ВВО во војна и во случај на непосредно загрозување на независноста и интегритетот на Република Хрватска се обезбедуваат со државниот буџет на Република Хрватска.

**Член 30**

Владата на Република Хрватска се овластува, на предлог на Министерството за одбрана, да донесе прописи со кои ќе се регулира формирањето, обновувањето, користењето и просторното распоредување на резервите на материјални ресурси за потребите на производство и ремонт во член 29 од овој Закон.

Надзор над управувањето со резервите на материјални ресурси за потребите на производството и ремонт во член 29 од овој Закон вршат Министерството за одбрана и Министерството за економија.

**Член 31**

Ако поради воени услови или услови настанати со непосредно загрозување на независноста и интегритетот на Република Хрватска производителите не можат да располагаат со средствата за производство, суровините и репроматеријалите или други средства за работа, Министерството за одбрана може, во согласност со Министерството за економија, плановите за развој и употреба на Вооружените сили да донесе одлука тие средства да се стават на располагање и да ги прераспределат на друго правно лице кое произведува ВВО според одредбите на овој Закон.

Одредбата од став 1 на овој член се однесува и на други правни лица чии средства за производство, суровини, репроматеријали и други средства за работа можат да се користат за производство на ВВО.

**Член 32**

Промет на ВВО во војна и во случај на непосредно загрозување на независноста и интегритетот на Република Хрватска, покрај производителот и Агенцијата, врши и Министерството за одбрана.

**Глава VIII.**

ПАТЕНТИ

**Член 33**

Пријавите за признавање патенти за пронајдоци наменети за дејности од интерес на одбраната се поднесуваат во Државниот завод за интелектуална сопственост (во понатамошниот текст: Заводот) во согласност со регулативата за патенти.

Ако подносителот на патентната пријава назначи или, ако Заводот во текот на постапката на испитување на пријавата за патент утврди дека се работи за пронајдок со потенцијален интерес за дејности на одбраната, за тоа веднаш ќе го извести Министерството за одбрана, во писмена форма, и, секако, пред објавување на пријавата за патентот во „Службен весник“, и ќе достави копија од содржината на поднесената патентна пријава.

Пронајдоците од став 2 на овој член се сметаат за доверливи додека не се утврди дали постои интерес за дејности на одбраната. Пријавата за патентирање на такви изуми нема да биде објавена во службениот весник и за нив Заводот обезбедува третман на доверливи предмети, согласно со своите интерни прописи.

Министерството за одбрана најдоцна во рок од 90 дена од денот на приемот на известувањето од Заводот, во писмена форма, ќе го извести Заводот за тоа дали предметниот доверлив пронајдок е од интерес за одбраната.

Ако Министерството за одбрана достави известување до Заводот дека се работи за доверлив пронајдок, Заводот ќе донесе решение за отстапување на предметот на Министерството за одбрана.

Ако во наведениот рок во став 4 на овој член Министерството за одбрана не го извести Заводот за постоење на интерес за предметната патентна пријава, пронајдокот ќе се смета дека не е од интерес за одбраната.

**Член 34**

Министерството за одбрана спроведува управна постапка за признавање на патентот за доверлив пронајдок.

Против решението донесено во управната постапка од став 1 на овој член, не е дозволена жалба.

Ако Министерството за одбрана, во текот на постапката за испитување на условите за признавање на правото на патент, во отстапената патентна пријава за доверлив пронајдок, утврди дека истиот не е од интерес за дејности на одбраната, за тоа ќе го извести подносителот на патентната пријава и Заводот, а Заводот ќе го упати предметот за понатамошна постапка.

**Член 35**

Доколку Министерството за одбрана, по признавање на патентот за доверлив пронајдок, утврди дека истиот престанал да биде од интерес за дејности на одбраната, за тоа ќе го извести подносителот на пријавата за патентирање, и на Заводот каде ќе го достави целиот предмет во врска со тој патент.

На писмено барање на носителот на патентот, во рок од 90 дена од приемот на известувањето од став 1 на овој член, Заводот ќе започне соодветна постапка за признавање на патентот во согласност со прописите за патенти, земајќи ги предвид и резултатите од спроведената постапка од страна на Министерството за одбрана.

Ако бидат исполнети сите услови пропишани со Законот за патенти, Заводот ќе го запише предметниот патент во Регистарот на патенти.

**Член 36**

Министерството за одбрана има ексклузивно право да го користи доверливиот пронајдок и да располага со истиот.

За доверливи патентирани пронајдоци на инвенторот му припаѓа еднократен надомест без оглед на тоа дали тој изум ќе се користи за дејности на одбраната и до кој степен.

Висината на надоместокот од став 2 на овој член спогодбено ќе го утврдат подносителот на пријавата и Министерството за одбрана. Во случај да не се постигне спогодба, подносителот на пријавата на патентот може да побара од надлежниот суд да ја утврди висината на надоместокот.

**Член 37**

Доверливиот пронајдок нема да биде објавен.

Заштита на доверливиот пронајдок во странство, домашните правни и физички лица можат да бараат само со одобрение на Министерството за одбрана.

**Член 38**

Владата на Република Хрватска ги пропишува критериумите за одредување на пронајдоците што се сметаат за доверливи и начинот на заштита на патенти за такви пронајдоци на предлог на Министерството за одбрана.

**Глава IX.**

КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

**Член 39**

Со парична казна од 20.000,00 до 100.000,00 куни ќе биде казнет правниот субјект за прекршок спротивен од одредбите на овој Закон:

1. Ако во називот стави знак за дејност за посебни намени (член 7, став 1),
2. Ако спротивно од одредбите на овој Закон гради објекти за производство, одржување, сместување и чување на ВВО (член 10),
3. Ако во правниот промет ги стави капацитетите за производство и ремонт на ВВО без согласност од Министерството за одбрана (член 11),
4. Ако увезе или извезе ВВО спротивно на одредбите на овој Закон (член 17),
5. Ако не ги спроведува мерките за безбедност и заштита на производството, прометот и ремонт на ВВО (член 23, став 2),
6. Ако ги направи достапни на неовластени лица тајните податоци на одбраната во областа на производство и промет на ВВО (член 24),
7. Ако ја промени дејноста без согласност на Министерството за одбрана (член 28, став 2),
8. Ако го објави доверливиот пронајдок спротивно на одредбите на овој Закон (член 37, став 1).

Во случај да го повтори прекршокот од став 1 на овој член, на правниот субјект може, покрај паричната казна, да му се изрече и заштитна мерка за привремена забрана за вршење на дејноста на производство на ВВО до една година.

За прекршокот од став 1 на овој член ќе му се изрече казна и на одговорното лице на правниот субјект со парична казна од 5.000,00 до 50.000,00 куни.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 40**

Владата на Република Хрватска во рок од 6 месеци од денот на стапување на сила на овој Закон ќе донесе прописи за:

- Условите и критериумите кои треба да бидат исполнети од страна на производителите на ВВО (член 6, став 3)
- Основање Агенција на Владата на Република Хрватска надлежна за надзор на производството за потребите на извозот, и за извоз на ВВО (член 3, став 2),
- Критериуми за утврдување на доверлив пронајдок и на начинот за признавање на патентите за таквите пронајдоци (член 38).

**Член 41**

Министерот за одбрана и министерот за економија се овластуваат, во рок од 6 месеци од денот на стапување на сила на овој Закон, да донесат упатства за примена на „офсет програмата“ при склучување договор за набавка на ВВО со странски добавувач.

Министерот за одбрана се овластува, во рок од 6 месеци од денот на стапување на сила на овој Закон, да донесе правилници за:

- Посебни услови за вршење дејности за развој на ВВО (член 8, став 2),
- Општи и посебни мерки за безбедност и заштита на производството, промет и ремонт на ВВО (член 23, став 2),
- Утврдување на сообразноста и квалитетот на производите за ВВО (член 27, став 2).

**Член 42**

Одредбите од овој Закон кои се применуваат за производители на ВВО, се применуваат под исти услови и за правните лица кои се занимаваат со ремонт на ВВО.

**Член 43**

На денот на стапување на сила на овој Закон престануваат да важат: Законот за производство на вооружување и воена опрема („Службен весник“ бр.52/91), Уредбата за производство на вооружување и воена опрема и на економските и други врски со производство и промет на вооружување и воена опрема во случај на воена состојба или непосредно загрозување на независноста и интегритетот на Република Хрватска („Службен весник“ бр.55/91), Уредбата за обврската за тестирање на оружјето, муницијата и опремата („Службен весник“ бр.56/92) и Одлуката за производи кои се сметаат за средства за вооружување и опрема за хрватската војска, полиција, Главниот медицински центар на Генералштабот на Република Хрватска, и органите за извршување на кривични и прекршочни санкции („Службен весник“ бр.6/93) како и одредбите од член 104 – 110 од Законот за индустриска сопственост („Службен весник“ бр.53/91, 19/92 и 26/93).

**Член 44**

Овој Закон стапува на сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник“.

Класа: 213-02/02-01/02

Загреб, 19 март, 2002

ХРВАТСКИ ПАРЛАМЕНТ

Претседател на
Хрватскиот Парламент

**Златко Томчиќ**, в.д.